28841.

12555.

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Петок 16 април 1982 год. ● стр. 7

ВО КРУШЕВО ПО ПОДОЛГА ПАУЗА

# Одново отворена галеријата на Мартиноски

**● ВО ОВАА НАЈСТАРА КРУШЕВСКА КУЌА, ИЗЛОЖБЕНИТЕ ПРОСТОРИИ ПРЕУРЕДЕНИ И ВО НИВ СЕ ИЗЛОЖЕНИ 61 ЕКСПОНАТ ОД ПОЗНАТИОТ МАКЕДОНСКИ УМЕТНИК. — ГАЛЕРИЈАТА ПОСТОЈАНО ОТВОРЕНА ЗА ПОСЕТИТЕЛИТЕ**



**Досегашните „потстанари“ конечно ја ослободија оваа архитектонска убавица, наменета за една ретка културна установа**

**Уметничката галерија во Крушево со дела на Никола Мартиноски, претставува една од најзначајните културни институции во нашата Република. Свечено беше дадена во употреба на 1 август 1968 година** по повод големата прослава на 65-годишнината од Илинденското востание. Галеријата, со 61 експонат, од кои 38 масла, 3 темпери и 20 цртежи на првиот наш академски сликар и основач на модерното сликарство, беше уредена во убавите простории на најстарата крушевска куќа — редок примерок на старроградската македонска архитектура од XIX век.

— По извесно време, во истата куќа беше сместен Работничкиот универзитет и некои самоуправни интересни заедници, така што Галеријата ја изгуби својата намена, ни рече кустосот Клементина Хаџи-Лега. Од тие причини, а и поради немање вработено лице, долго време ова културна институција не ја обавуваше својата вистинска функција.

Подоцна, вработените од Работничкиот универзитет и СИЗ-овите си отидоа во своите новоизградени простории, а персоналот од дирекцијата на Историскиот музеј од Крушево, ги презеде работите во свои раце. Имено, куќата на Галеријата генерално беше исчистена, просториите молерисани, експонатите преуредени и истакнати во шест простории. Што е мошне важно, поставен е кустос, а тоа значи дека Галеријата ќе работи шест дена во неделата од 10 до 14 часот, освен понеделник.

— Според тоа, ова вредна културна институција со делата на основоположникот и најизразитиот претставник на македонското уметничко сликарство, конечно ја доби својата првостепена намена, продолжи да не запознава кустосот Хаџи-Лега. Вратите на Галеријата се широко отворени за посетителите, во која покрај ликовните дела на добитникот на наградата на АВНОЈ, во посебни простории се наоѓаат и две други постојани изложби: „Крушевска одаја од XIX век“ и фотоизложбата „Тито во Крушево“.

А. Димитроски